Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Седмица: 3** **Час: 6**<br>**Датум:** | | | **Тема 1: Основи на користење компјутер и друга ИТ**<br>**Наставна единица: Етичко користење компјутер** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 10 мин. | Да ги познава и почитува правилата за етичко користење на компјутер | **Сите можат:**<br>да наведат однесување со добри манири | Се поведува дискусија за добри манири во однесувањето. Што се добри манири? Учениците наведуваат примери (да не кажуваш невистини, да не присвојуваш туѓи работи, најави се пред да одиш на гости, со своето однесување да не предизвикуваш лошо расположение кај луѓето итн.). Дали некој ќе ве казни доколку немате добри манири? (Одговор: Никој нема да не казни, туку само ќе оставиме лош впечаток за себе). Најавување на целта на часот и објаснување што е етика. | З<br>метод на разговор | Листови со текст<br><br>Тетратка<br><br>Учебник | Дискусија |
| 20 мин. | | **Повеќето можат:**<br>да наведат примери за етичко користење компјутер | Што е етика? Етиката е наука која проучува дали тоа што го правиме е добро или лошо.<br>Што е компјутерска етика? Етиката поврзана со користење компјутер се вика **компјутерска етика**.<br>- Учениците се поделени во групи и секоја група на лист добива текст со неетичко користење компјутер. Секоја група го чита текстот, заеднички го лоцираат проблемот, а потоа договараат решение за него.<br>Еден ученик од групата го изложува проблемот од нивниот текст и решението договорено во рамките на групата.<br>Заклучокот од дадените примери учениците го запишуваат на табла.<br>- Учениците наведуваат слични примери од нивно лично искуство и ги надополнуваат правилата за етичко користење на компјутер.<br>Ги препишуваат правилата за етичко користење компјутер во тетратките. | З метод на разговор<br><br>Г<br>метод на работа на текст;<br><br>З метод на дискусија<br>И | | Набљудување<br><br>Дискусија |
| 10 мин. | | **Некои можат:**<br>да ги објаснат наведените примери за етичко користење компјутер | Од запишаните правила за етичко користење компјутер учениците даваат нови примери со кои усно се опишуваат тие правила. | И<br>монолошки метод | | Набљудување.<br><br>Наведени примери |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги /групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: дискусија за добри манири<br>Главен дел: групна работа за усвојување правила за компјутерска етика, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: индивидуална работа за утврдување на правилата за компјутерска етика | | | Да ги научат правилата за етичко користење компјутер на стр. 13. | | | етика,<br>компјутерска етика |

obrazovanie.literatura.mk